Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница со која претседаваше Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија одржана на 26.11.2024 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 63 став 1 и 2 и член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата за утврдување на начелен став и начелно правно мислење од адвокат Ацо Василев од Скопје, го усвои следниот:

## ЗАКЛУЧОК

**Иницијативата за утврдување на начелен став и начелно правно мислење поднесена од адвокат Ацо Василев од Скопје, заведена под СУ-03.бр.452/24 од 05.07.2024 година, НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

### Образложение

Врз основа на член 37 став1 точка 1 од Законот за судовите, адвокат Ацо Василев од Скопје, поднесе барање до Врховниот суд на РСМ заведено под СУ-03.бр.452/24 од 05.07.2024 година, со предлог Општата седница да утврди начелен став или начелно правно мислење во врска со тоа дали судија на основен суд постапувајќи во вонпарнична постапка без предлог од овластен предлагач има овластување своето претходно донесено решение, огласено за правосилно и спроведено во Агенцијата за катастар на недвижности да го стави вонсила и да донесе ново видоизменето решение.

Подносителот на иницијативата наведува дека согласно Законот за затварање на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација и Законот за стечај, на предлог на стечајниот управник на Друштвото за производство на млеко и млечни производи БАНА ДООЕЛ Скопје во стечај, за утврдување правен статус на бесправен објект во стечајна постапка, во Основен граѓански суд Скопје по оформен предмет и донесено е решение ВПП-26/22 од 02.02.2022 година, со кое предлогот на предлагачот е усвоен и утврден правен статус на бесправен објект во стечај.

Истакнува дека согласно известувањето на Агенцијата за катастар на недвижност број 1315-7690/10 од 25.05.2022 година судот донел решение ВПП-26/24 од 11.04.2024 година, со кое предлогот на предлагачот е одбиен како неоснован, а решението ВПП-26/22 од 02.02.2022 година го ставил вонсила.

Во прилог на иницијативата од страна на подносителот не е доставена различна судска практика, односно не се доставени одлуки од кои би произлегла потреба за утврдување на начелен став и начелно правно мислење по прашање од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите.

Од горенаведените причини, не се исполнети законските услови за утврдување на начелен став и начелно правно мислење.

**23.01.2025 година**
**Скопје**

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**